ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 -191/5
Датум: 11.03.2026 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2025), на предлог на Комисијата за распишување јавен повик за реализација на програмските активности од годишната програма од меѓу жените и мажите во Општона Карпош за 2026 година формирана со Решение бр.11-191/1 од 13.01.2026 година, Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# О Д Л У К А

## за избор на реализатори на проекти за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година

1. Со оваа Одлука се избираат следните реализатори на проекти од 6 (шест) области од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година:

1.1 Здравје

**Проект: Групна психолошка поддршка за онколошки пациенти во Општина Карпош, Реализатор Тамара Стојчевска, износ 100.000,00 денари.**

**Проект: Превенција на ракот на дојката преку бесплатен ехографски преглед за жени до 45 годишна воздраст, Реализатор ПЗУ „Св. Алексеј", износ 200.000,00 денари.**

**За останатиот износ од 100.000,00 денари, ќе се објави нов Јавен повик за реализирање на проект за машко здравје.**

1.2 Превенција и советување за спречување на семејносто насилство и помош на жртвите на семејно насилство

**Проект: Анонимни групи за поддршка на жени жртви на семејно насилство, Реализатор Тијана Ивановска, износ 100.000,00 денари.**

**Проект:Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртви од семејното насилство, Реализатор Организација на жени на Град Скопје, износ 200.000,00 денари.**

1.3 Надминување на родовите стереотипи при избор на понатамошно образование

**Проект: „Кариерен избор без ограничувања“ Интегрирање на родово-сензитивно кариерно советување во основните училишта на општина Карпош, Реализатор Асоцијација на советници за развој на кариера, износ 200.000,00 денари.**

1.4 Дигитална писменост

**Проект: Дигитална инклузија и економска активираност 2026 година, Реализатор Таск ХРС, износ 300.000,00 денари.**

1.5 Фитнес за жени и мажи

**Проект: Фитнес за жени и мажи, Реализатор Полициски боречки клуб Безбедност Скопје, износ 200.000,00 денари.**

1.6 Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво

**Проект: Интегриран пристап и развој, Реализатор Здружение на граѓани „Тркало на прогресот“, износ 200.000,00 денари.**

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Изработил:Ј.Цветковиќ
Проверил:В.Михајловска

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Сотир Лукровски